ФЕДЕРАЦИЈА НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА МАКЕДОНИЈА



П Р О П З И Ц И И

ЗА НАТПРЕВАРИ ВО ЛИГА

Октомври, 2012 г.

Врз основа на член 24 од Статутот на Федерацијата за училишен спорт на Македонија (ФУСМ), Иврщниот одбор на ФУСМ, на седницата одржан на ден 10.10. 2012 година, на предлог на Натпреварувачката комисија за натпреварување на ФУСМ ги усвои следните

ПРОПОЗИЦИИ ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1. Основни одредби

1.1 Овие Пропозиции ги регулираат односите помеѓу сите учесници во системот на натпревари во организација на Федерацијата на училишниот спорт на Македонија (ФУСМ).

Член 2. Комисија за натпреварување во лига систем

2.1 Основен орган кој раководи со натпреварите е Комисија за натпреварување во лига систем која ја именува Извршиен одбор на ФУСМ

2.2 Комисијата за натпреварување во лига систем е од седум (7) члена, и тоа: одговрните за спортовите кошарка, ракомет, одбојка, фудсал, претседателот на натпреварувачка, претседателот на судиската комисија и еден член од Стручната служба на ФУСМ.

2.3 Водејки го натпреварувањето Комисијата за натпреварување во лига систем ќе ги применува овие Пропозиции, Службените правила за соодветните спортови, Дисциплинскиот правилник, Правилникот за натпреварување на ФУСМ и другите нормативни акти на ФУСМ.

2.4 Комисијата за натпревари во лига систем врши регистрација на натпреварите врз основа на добиените извештаи од делегатите на натпреварите.

2.5 Комисијата за натпревари во лига систем изрекува казни во прв степен, за прекршоци предвидени со Дисциплинскиот правилник.

2.6 Комисијата за натпревари во лига систем решава по жалби од прв степен.

Член 3. Систем на натпреварување

3.1 Системот на натпреварување и начинот на пополнување на лигите го донесува Иврщниот одбор на ФУСМ.

Член 4. Број на екипи учеснички

4.1 Бројот на екипите во секоја лига поодделно, согласно на системот за натпреварување, се утврдува со одделна одлука на Иврщниот одбор на ФУСМ.

Член 5. Календар на натпреварување

5.1 Календарот на натпреварување на сите нивоа го утврдува Извршниот одбор на ФУСМ на предлог на Комисијата за натпревари во лига систем.

5.2 Одлуки за измени на календарот донесува Извршниот одбор на ФУСМ.

Член 6. Жребување натпреварувачки броеви

6.1 Пред почетокот на натпреварувачката сезона, се врши жреб на натпреварувачки броеви на екипите учеснички во лигата.

6.2 Жребувањето го врши Натпреварувачката комисија на ФУСМ.

Член 7. Сала, терени и термини за одигрување натпревари
7.1 Најмалку 14 дена пред почетокот на натпреварувачката сезона, секоја училишна екипа е должна да пријави сала во која ќе ги игра натпреварите како домаќин.

7.2 Натпреварите во лигата се играат според утврден календар за натпреварување, во термин утврден од страна на Натпреварувачката комисија на ФУСМ.

7.3 Натпреварите може да се играат и во друг термин. Со согласност на Комисијата за натпреварување во лига систем и тоа поради:
7.3.1 Закажување на ТВ пренос
7.3.2 Двојна градска програма на натпревари,
7.3.3 Договор меѓу екипите поради терминski недостатоци.

7.4 Во завршниот дел од првенството или кога смета дека за тоа има потреба, Комисијата на натпреварување во лига систем може да одреди поедини или сите натпревари од исто коло да се одиграат во ист ден и термин.
Ова одлука на клубовите мора да им биде соопштена најдоцна 48 часа пред терминот за одигрување на натпреварот(ите) по пат на електронска пошта или телефакс.

Член 8. Изменување на дата или час на одигрување натпревар

8.1 Измена на ден - дата или на час на веќе закажан натпревар може да биде сторена најдоцна пет (5) дена пред предвидениот ден или час со календарот или по неговото објавување во службениот Билтен на лигата.

8.2 Измена под овој рок не се одобрува, освен кога за тоа постои согласност од противничката екипа во писмена форма, но не подоцна од 72 часа пред предвидениот датум за одигрување и новиот термин кој екипата домаќин го предлага.

8.3 Гостинската екипа може да побара измена на ден или час (термин) на натпревар, но тоа мора да биде сторено исклучиво во договор и согласност со домашната екипаорганизатор на натпреварот.

Член 9. Одложување на натпревар

9.1 Доколку натпреварот не може да се одигра во предвиденото време или е прекинат поради една од следните причини:
- Исклучување на електрична енергија во областа или реонот;
- Исклучување или застој на јавниот сообраќај;
- Временска непогода потврдена од Републички хидро-метео Завод;
- Виша сила (пожар, поплава, воена состојба или опасност и слично);
- Епидемија на болест јавно прогласена од Епидемиолошки центар на Републиката или градот;
- Кршење на табла или носач на табла за време на кошаркарски натпревар, натпреварот мора да се одигра во наредните 24 часа.

9.2 Одлука за одложување на натпреварот во рок од 24 часа, донесува Делегатот на натпреварот, по утврдување на постоење виша сила.

9.3 Доколку не постојат услови за одигрување на натпреварот и во рок од 24 часа, од првобитно предвидениот почеток на натпреварот, организаторот на натпреварот не може да обезбеди друга сала регистрирана за тоа ниво нанатпреварување, натпреварот ќе биде одложен за друг термин.

9.4 Одлука за нов термин на натпреварот донесува Комисијата за натпреварување во лига систем.

Член 10 Регистрирање на играчи, право на настап

10.1 На сите натпревари може да настапуваат само играчи кои имаат натпреварувачка книшка, издадена и заверена од страна на Регистрационата комисија при Општинските сојузи, под услов играчите да не се под суспензија или изречена казна.
10.2 Право на натпреварувачка книшка има играч - ученик кој на почетокот на учебната година е запишан како редовен или вонреден ученик во училиштето.
10.3 Секоја екипа има право да лиценцира играчи.
10.4 Секој играч, мора да е лекарски прегледан. Прегледот да е заверен во натпреварувачката книшка и да не е постар од 6 месеци.
10.5 Секоја екипа учесник во лигата е должна на сите натпревари да настапи во најдобар состав. Неизвршувањето на оваа обврска повлекува дисциплинска одговорност.

Член 11 Тренери

11.1 Екипата ја водат двајца тренери - наставници по физичко и здравствено образование (тренер и помошник) со заверено полномошно од страна на директорот на училиштето од каде е училишната екипа.
11.2 Само на тренерот на екипата му е дозволено да стои за време на натпреварот и да им се обраќа на своите играчи, под услов да се наоѓа во рамките на просторот определен за тоа
11.3 Тренерот, во случај да нема помошник, може да биде заменет со службениот претставник во текот на натпреварот, но само доколку оправдано мора да го напушти теренот или е исклучен од игра.
11.4 Исклучен тренер или помошен тренер, службен претставник или било кое лице од листата на пријавените службени лица или играчи за натпреварот, мора до крајот на натпреварот да го напушти натпреварот.
11.5 Во случај на изречена казна забрана на извршување должност на Тренер или помошен тренер на клубот, истиот на наредниот/те натпревар/и може да седи во гледалиштето, но не на онаа страна на трибините каде се наоѓаат клупите на училишните екипи.

Член 12 Сслужбени лица на екипа

- Службен претставник
12.1 Службен преставник на екипата има право да го замени тренерот и да ја води екипата до крајот на натпреварот, ако екипата нема помошник на тренерот, но само ако тренерот е исклучен од игра или мора да го напушти теренот поради оправдани причини.
12.2 Службениот претставник на екипата е одговорен за организацијата на натпреварот пред делегатот на натпреварот во име на екипата -организатор.
12.3 Службениот претставник нема право во текот на натпреварот да комуницира со делегатот и судиите. Тој единствено е овластен пред почеток на натпреварот и по неговото завршување да стави забелешки на организацијата на натпреварот, како иостанати забелешки во однос на самиот натпревар, кои делегатот е должен да ги впише во делегатскиот извештај.

12.4 Службениот претставник на екипата е должен да ги пријави играчите ислужбените лица, на пополнет образец бр. 1 и заверен со потпис и печат даго предаде на делегатот на натпреварот најдоцна 20 минути пред почетокнатпреварот.

Член 13. Дежурен лекар
13.1 Организаторот е должен да обезбеди дежурен лекар за натпреварот, кој располага со основен прибор за укажување на прва помош.

ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАТПРЕВАР

Член 14. Организација пред почеток на натпревар

14.1 Организаторот е должен на секој натпревар да организира соодветна редарска служба.

14.2 Организаторот мора благовремено да го пријави времето за одигрување на натпреварот во надлежната подрачна станица, при што на самиот натпревар мора да има присутни органи за безбедност.

14.3 Организаторот е должен на секој натпревар, на видно место во салата, да истакне државно знаме на Р. Македонија и знаме на ФУСМ.
14.4 Организаторот е должен да обезбеди лица со прибор за сушење бришење и чистење на теренот за игра, подготвени покрај теренот да делуваат во секое време на повик на судија или по потреба при прекини на играта.

ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ВРЕМЕ НА НАТПРЕВАР

Член 15 Тек на натпревар

15.1 Организаторот сноси полна одговорност за сите прекршоци и инциденти кои ќе се случат пред почеток, на самиот натпревар или по неговот завршување.
15.2 Во случај на нереди на теренот или во салата, организаторот мора да превземе мерки и потполно да ги заштити сите членови на екипите, судиите и делегатот. Должност на организаторот е да обезбеди нивно непречено влегување во соблекувалните, а на гостинската екипа, судиите и делегатот и заминување од градот.
15.3 За сите пропусти по овој член, како и за обид за напад на обете екипи, судиите и делегатот, ќе биде одредени казни пропишани со овие Пропозиции.

Член 16 Делегат

СЛУЖБЕНИ ЛИЦА НА НАТПРЕВАР

16.1 Должноста делегат на натпревар во лигата ја извршуваат лица кои се наоѓаат на листа усвоена од страна на Извршниот одбор на ФУСМ.
16.2 Делегирање на делегати за сите натпревари, врши Комисијата за натпреварување во лига систем на ФУСМ.
16.3 Делегатот е должен да пристигне во салата каде ќе се игра натпреварот, еден час пред предвиденото време за почеток на натпреварот.
16.4 На делегатите им се забранува коментирање на сите детали во врска со одиграниот натпревар и детали наведени во извештајот од натпреварот.
16.5 За дисциплинската одговорност на делегатот одлучува Комисијата за натпреварување во лига csстем и Извршниот одбор на ФУСМ во посебни случаи.
-Делегатот е одговорен за:
16.6 Работата на помошните судии на записничката маса.
16.7 Проверка на легитимациите играчите и службените лица пријавени за натпреварот и на помошните судии.
16.8 Делегатот може да замени помошен судија доколку констатира дека тој прави грешки и со тоа влијае врз регуларноста на натпреварот.
16.9 Во тој случај, се прави пауза за сменување на помошниот судија и врши замена од присутните помошни судии, или судии.

-Делегатот има должност да:
16.10 Ги следи настаните во гледалиштето и во случај на потреба ги известува судиите да може благовремено да превземат соодветни мерки.
16.11 Делегатот е должен да обезбеди соопштување на крајниот резултат веднаш или најдоцна еден (1) час по завршување на натпреварот.
16.12 Доколку резултатот не биде соопштен, делегатот ќе биде казнет согласно критериумите на Дисциплинскиот правилник.
16.13 Во својот извештај да ги внесува сите забелешки во врска со натпреварот и дава оцена за организацијата на самиот натпревар. Делегатот е должен да го напише своето мислење за сите спорни настани.
16.14 Да поднесе пријава против извршител(и) на прекршок(ци) од потешка природа.

16.15 Во својот извештај задолжително бара од службениот претставник на екипата нејзиното пријавено или исклучено лице да го пополни образец, да ги наведе спорните моменти и причина за неспортското дејствие и лично да го потпише, а потоа да го предаде на делегатот, најдоцна 30 минути по завршување на натпреварот. Во овој случај делегатот зема изјава и од судиите, а по потреба и од другите службени лица и членови на екипите.

Член 17. Извештај на делегатот - Протокол

17.1 Делегатскиот извештај се пополнува во три примероци од кои два примерока се наменети за двете екипи веднаш по натпреварот, додека оригиналот е за администрацијата на лигата.
17.2 Извештајот се пополнува веднаш по завршување на натпреварот во просторија која е предвидена за таа намена.
17.3 Извештајот на делегатот содржи општи податоци врзани за натпреварот со евентуални забелешки на судиите и екипите, мислење и оценка на делегатот, негови забелешки и заклучок за организација на натпреварот.
17.4 Доколку не постојат услови за пополнување на извештајот по завршување на натпреварот, сите три примероци на извештајот треба да бидат доставени до канцеларијата на лигата.
17.5 На барање на Комисијата за натпреварување во лига систем, делегатот и судиите се должни да достават дополнителен извештај за одреден настан, во најкраток можен рок .

-Во рок од 24 часа по завршување на натпреварот делегатот е должен да ги достави до канцеларијата на лигата следните докумети:

17.6 Оригиналот од Записникот и Делегатскиот извештај.
17.7 Изјава од евентуално исклучен-пријавен актер .
17.8 Делегатот е должен во случај на жалба да ги достави до канцеларијата на лигата, најдоцна до 3 часа по завршување на натпреварот по факс или најдоцна до 24 часа на рака, следните документи:
17.8.1 Писмената жалба.
17.8.2 Изјавите на службените лица за спорниот настан.
17.9 По завршување на натпреварот судиите и помошните судии можат да го напуштат теренот дури по одобрување од страна на делегатот.

Член 18 Судии

18.1 Делегирањето на судиите на сите нивоа на натпреварување го врши Комисијата за натпреварување во лига систем преку судиските организации на дотичните Федерации за секој спорт.
18.2 Училишните екипи не можат да бараат иземање на судиите.
18.3 Првиот судија се смета посебно одговорен во делокругот на овластувањата што ги има судијата пропишани со Службените правила на играта.
18.4 Првиот судија е одговорен за однесување на замениците и службените лица на екупата кои седат на клупата за време на натпреварот.
18.5 Првиот судија заедно со делегатот на натпреварот одлучува за евентуален прекин на натпревар или негово продолжување во делумно или потполно испразнета сала во случај на нереди на и вон теренот, како и при обид или остварен физички напад од страна на гледачи врз играчи, службени лица или меѓу самите гледачи.

18.6 Судиите се должни да пристигнат во салата каде ќе се игра натпреварот еден час пред времето предвидено за почеток на натпреварот, а на дваесет минути да излезат на теренот во официјалната униформа за судење.
18.7 Судиите водат сметка дресовите на играчите да бидат правилно обележани.
18.8 Судиите водат сметка сите играчи да бидат во соодветна спортска опрема (исти гакички, дресови, чорапи, тренерки и друго) за време на претставувањето пред натпреварот или на самиот натпревар.
18.9 Судија кој донел одлука за исклучување на играч, тренер или службено лице, или има пријава против едно од наведените лица, мора да го извести делегатот за причините на одлуката или пријавата.
18.10 Судиите се должни, на барање на делегатот, да ги опишат сите спорни

моменти кои се случиле на натпреварот, да ги наведат причините за досудените технички грешки на играчите, тренерите и службените лица., како и други значајни одлуки кои не се поврзани со самиот тек на натпреварот(делумно или целосно празнење на гледачите и слично).
18.11 Доколку едниот или обајцата судии недојдат на натпревар, делегатот одредува замена меѓу присутните судии кои се наоѓаат на усвоената листа за таа натпреварувачка сезона.
18.12 На судиите им се забранува коментирање на сите детали во врска со одиграниот натпревар и детали наведени во извештајот од натпреварот.
18.13 По завршување на натпреварот судиите можат да го напуштат теренот дури по одобрување од страна на делегатот.

Член 19. Помошни судии

19.1 Помошните судии на натпреварите ги одредува надлежна судиска комисија на Општинскиот сојуз на градот.
19.2 Помошните судии должни се да излезат на теренот за игра триесет (30) минути пред времето предвидено за почеток на натпреварот, во пропишана и еднообразна облека.
19.3 По завршување на натпреварот, помошните судии може да го напуштат теренот дури по одобрување од страна на делегатот.

ЖАЛБА

Член 20. Жалба на натпревар

20.1 Во случај на најавена жалба на натпревар, капитенот на екипата МОРА да се потпише во предвидениот простор во долниот дел од записникот, освен за неправилен и нерегуларен настап на играч на натпреварот.
20.2 Училишната екипа треба да достави на делегатот кусо објаснување за наводите за жалбата најдоцна 20 минути по завршување на натпреварот, освен за неправилен и нерегуларен настап на играч на натпреварот.
Притоа службените лица на натпреварот (судии и делегат) даваат мислење за основаноста на жалбата, а по барање на Комисијата за натпреварување во лига систем, и дополнителнен извештај од екипата која се жали, судиите и делегатот.
20.3 Училишната екипа мора да уплати пропишана такса во висина 2.000,00 денари, најкасно 48 часа по завршување на натпреварот.
20.4 Училишната екипа може (не мора) да достави и дополнение на жалбата не подоцна од 48 часа по завршување на натпреварот, но притоа во него може да се дообјаснат само веќе споменатите наводи од жалбата дадена на делегатот по натпревар.
20.5 Жалба која не е најавена со потпис на капитенот, ниту пак е доставена благовремено на делегатот по натпреварот, како и жалба за која не е уплатена пропишаната такса во утврдениот рок, нема да биде земена на разгледување, освен за неправилен и нерегуларен настап на играч на натпреварот.
20.6 За утврдување на точниот термин и датум на уплата и поднесувањето на дополнението на жалбата, служи единствено поштенскиот жиг на препорачана пратка, односно поштенскиот жиг на уплатницата или датумот и времето на испратената електронска пошта.
20.7 Комисијата за натпреварување во лига систем може жалбата да ја усвои или да ја одбие.
20.8 Кога жалбата ќе биде усвоена, Комисијата за натпреварување во лига систем ќе наложи натпреварот да се доигра или преигра, или ќе го регистрира со службен резулатат предвиден со пропозициите во дотичниот спорт.
20.9 Кога жалбата ќе биде одбиена, Комисијата за натпреварување во лига систем го регистрира натпреварот со постигнатиот резултат.
20.10 Комисијата за натпреварување во лига систем својата одлука ја соопштува по пат на електронска пошта или телефакс.
20.11 Одлука по жалба на натпревар, Комисијата за натпреварување во лига систем мора да донесе одлука во рок од 48 часа по натпреварот.
20.12 На ова одлука подносителот има право на жалба до Извршниот одбор на ФУСМ во рок од 72 часа од приемот на одлуката.

Член 21.

Жалба на одлука на Комисијата за натпреварување во лига систем
21.1 На одлука на Комисијата за натпреварување во лига систем, дозволена е жалба до Извршниот одбор на ФУСМ, која се поднесува најдоцна до 72 час по приемот на одлуката.
21.2 За жалба до Извршниот одбор, подносителот е должен на жиро сметка на ФУСМ да уплати такса, чиј износ е 2.000,00 денари.
21.3 Жалбата која не е благовремено доставена до Извршниот одбор или не е уплатена пропишаната такса, се одбива.
21.4 Извршниот одбор донесува одлука по жалба во рок од 48 часа. Одлуката на Извршниот одбор е конечна, без право на понатамошни жалби.
21.5 Доколку жалбата биде усвоена, таксата за жалба ќе биде вратена на подносителот што ја уплатил и кој се жалел во прв или втор степен.
21.6 Одлуката на Извршниот одбор се доставува до екипите по електронска пошта, телефакс или на рака.

РЕГИСТРИРАЊЕ НАТПРЕВАРИ

Член 22. Регистрирање на натпревар

22.1 Комисијата за натпреварување во лига систем врши регистрација на натпреварите врз основа на добиените извештаи од делегатите на натпреварите.
22.2 Сите натпревари за кои не постои жалба или други причини кои не дозволуваат регистрирање на натпреварот, Комисијата за натпреварување во лига систем е должна да ги регистрира во најкус можен рок, односно најкасно до седум (7) дена по одигрување на колото или натпреварот.
22.3 Во случај кога за натпреварот е поднесена жалба или постојат други причини поради кои натпреварот не може да биде регистриран, рокот за регистрирање се одложува до денот на донесување на одлука по жалбата, односно до донесуваање одлука за разрешување на причините поради кои не е регистриран натпреварот.
22.4 Еднаш регистриран натпревар или донесена одлука во врска со натпреварувањето не може да биде поништена од страна на истиот орган кој ја донел.

Член 23 Пласман на екипите

23.1 Пласманот на екипите се одредува според Пропозициите на дотичниот спорт.
23.2 Екипа која без оправдани причини не излезе на терен во одреденото време или се повлече од теренот пред крајот на натпреварот, ќе го загуби резултатот без игра.
23.3 Во случај екипа од неоправдани причини не одигра два натпревари, или своеловно ја напушти лигата се исклучува од понатамошно натпреварување во лигата.
23.4 Доколку лигата ја напушти една екипа од било кои причини во првиот круг на натпреварување, на нејзино место се коптира наредно пласираната екипа од квалификациите направени од регионот на исклучената екипа со освоените бодови.
23.5 Ако лигата ја напушти една екипа во вториот круг, тогаш натпреварувањето ќе продолжи со 5 (пет) екипи според распоредот на натпреварување, со тоа што натпреварите на отсутната екипа ќе се регистрираат со службен резултат.

Член 24. Загубен натпревар без игра

24.1 Екипата ќе го загуби натпреварот без игра доколку:
24.1.1 Одбие да настапи по повик на првиот судија.
24.1.2 Со своето делување го спречува понатамошниот тек на натпреварот.

24.1.3 Петнаесет (15) минути по предвиденото време за почеток на натпреварот, не е присутна на теренот со пет (5) играчи

подготвени за игра.

Член 25. Прекршоци и казни

25.1 Комисијата за натпреварување во лига систем изрекува казни во прв степен, за прекршоци предвидени со овие Пропозиции и Критериуми.
25.2 Во случај кога изречената казна не е издржана во целост во текот на една сезона, истата ќе биде пренесена во следната сезона, без оглед на евентуалната промена на степенот на натпреварување.
25.3 Лице на кое му е изречена временска казна, за време издржувањето на казната не може да извршува било која должност во училишниот спорт.
25.4 Во случај кога се изрекуваат казни на еден сторител, за два или повеќе сторени прекршоци за време на еден натпревар, вкупната казна треба да биде помала од збирот на поединечните казни.

Член 26. Казна забрана настап на свој терен

26.1 Во случај екипа-домаќин да е казнета со забрана на играње на свој терен, мора да одреди место за одигрување на натпреварот кое е најмалку триесет (30) км, одделечено од местото за кое е изречена казната.

26.2 Ако натпреварот се игра на терен кој на противничката екипа и е поодделечен во однос на казнетиот терен, домашната екипа е должна на гостинската екипа да и ја надомести разликата во патните трошоци. Разликата ја одредува Комесарот за натпреварување по добивање на комплетна докуметација за начинот на патување на екипата.

Член 27. Казна забрана на настап со гледачи

27.1 Во случај кога екипа домаќин - организатор е казнета со забрана на настап на домашен терен со присуство на гледачи, должна е да обезбеди спортска сала регистрирана за тоа ниво на натпревари.
27.2 Да обезбеди во салата, освен екипата да бидат присутни само службените лица, редари, органи за безбедност и претставниците на средствата за јавно информирање.
27.3 Делегатот на натпреварот е овластен од организаторот да побара отстранување на сите неслужбени лица од салата пред, или ако е потребно и во текот на натпреварот, и не смее да дозволи започнување или тек на натпревар додека не се исполнат условите наведени во предходниот став на овој член.

Член 28. Евиденција на изречени казни

28.1 Комисијата за натпреварување и администрацијата на лигата се должни во соопштението (билтените) кои ги издаваат, да информираат за изречените казни по редослед на кола или време со точно определени термини.
28.2 Во итни случаи известувањетso се прави по пат на електронска пошта или телефакс, а содржината се објавува во следното соопштение (билтен).
28.3 Комисијата за натпреварување издава посебно соопштение пред почетокот на секоја сезона во кое се објавуваат сите неиздржани, односно неподмирени казни од предходната година.
28.4 Екипите се должни да водат евиденција на изречените казни и изречената автоматски суспензија или временска казна, и истите доследно да ги почитуваат и спроведуваат.
Во спротивно, екипите ги сносат сите одговорности настанати со евентуален пропуст на овој став.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 29. Завршни одредби

29.1 Пропозициите ги усвојува Извршниот одбор на ФУСМ на предлог на Натпреварувачката комисија.

29.2 Измени и дополненија на овие Пропозиции се донесуваат по иста постапка како и за нивното донесување.

29.3 Толкување на овие Пропозиции дава Извршниот одбор на ФУСМ.

29.4 Овие Пропозиции за натпреварување стапуваат на сила со денот на нивното усвојување од страна на Извршниот одбор на ФУСМ, а ќе се применуваат од натпреварувачката сезона 2012/2013 година.

ФЕДЕРАЦИЈА НА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА МАКЕДОНИЈА

П р е т с е д а т е л,
/Проф. д-р Александар Туфекчиевски/